Macedonian
April 2002
[BHC-6055]

# Рак на простата: кои се начините за лечење?
## Prostate cancer: what are the treatment options?

Секој маж има простата, мала жлезда што произведува дел од течноста во семето. Сместена е во подножјето на мочниот меур и ја обвива уретрата (каналот што ја носи мочката од мочниот меур до пенисот). Во Австралија кај еден од десет мажи ќе се случи да добијат рак на простата. Најчесто тоа се среќава кај мажи после 50–та година од животот и станува се почесто понатаму во животот. Меѓутоа, ракот има тенденција да расте бавно – повеќето од мажите кои го имаат, не умираат од тоа.

**Што а рак на простата?**
Нормално е простата да стане поголема после 50–та година. Тоа може да покаже симптоми, како потреба почесто да се оди на мокрење. Но, зголемената простата не е исто што и рак на простата. Ракот е малиген израсток на простатата. Тој понекогаш се шири надвор од простатата и ги напаѓа другите органи во телото. Кога ракот на простата е во почетна фаза, најчесто нема симптоми.

**Како се лечи ракот на простата?**
Тоа зависи од многу работи, меѓу кои и возраста на мажот, колку брзо расте ракот и дали се раширил или не на другите делови од телото.

Начините на лечење се:

* **Операција.** Се вади целата простата
* **Зрачење.** Се користат рендгенски зраци за да се убијат клетките на ракот.
* **Бракитерапија.** Нов вид на зрачење – најчесто одговара за мажи кои имаат мал рак што расте бавно.
* **Ништо да не се преземе - само редовно да се прегледува простата кај доктор специјалист.** Ова може да важи за мажи кај кои ракот расте бавно и кои немаат долг живот пред нив. (Тоа може да се мажи постари од 70 години на пример или страдаат од болест која што го намалува животниот век.). Меѓутоа, некои експерти велат дека дури и раковите што растат бавно може да почнат да растат брзо и да имаат влијание врз здравјето на лицето.
* **Хормонска терапија.** Иако операцијата и зрачењето можат да го излечат ракот, хормонската терапија, ако се употреби сама по себе, може само да го контролира ракот, не да го излечи. Растењето на ракот може да го контролира неколку години. Најчесто се користи ако ракот се раширил на другите делови од телото.

**Кои се контра-ефектите од лечењето?**

* **Во случајот на операција, зрачење и бракитерапија.**
  Тешкотии со ерекција после овие третмани, но постојат некакви начини што можеби можат да помогнат да се надминат тешкотиите со ерекцијата. Исто така, постои ризикот од ослабување на способноста да се контролира мокрењето, особено после операција, но постојат методи што можат да го подобрат овој проблем. После зрачењето можно е да има накакво пореметување на функцијата на дебелото црево и може да има крварење од дебелото црево.
* **Во случајот на хормонска терапија.**
  Може да се случи да се изгуби сексуалната желба, да се има тешкотии со ерекцијата, да дојде до губење на енергијата, ослабување на коските и да се чувствуваат напади на жештина.

**Како да решите кој начин е најдобар?**

Заради контра–ефектите, треба да се размисли за многу работи пред да се донесе решение. Маж на 75 години, со рак што бавно расте, можеби повеќе ќе сака ништо да не преземе за лечење, наместо да треба да минува низ контра–ефектите од лечењето, на пример. Но еден 55–годишен маж, со рак што брзо расте и најверојатно со повеќе години живот пред него, може да избери операција. Важно е да се дознаат добрите и лошите страни на секој тип на лечење со тоа што ќе се разговара внимателно со доктор.

**Кој може да ви даде повеќе информации за да ви помогне да решите?**

Луѓето со кои е најдобро да разговарате се:

* Вашиот домашен доктор и специјалистот. Направете список од работите за кои што сакате да прашате. Исто така, можете да побарате вашиот домашен доктор да ве упати на друг специјалист за да добиете и друго мислење.
* Телефонската служба за помош и информации за рак. Јавете се на 13 11 20 и ако имате тешкотии со англискиот, има и преведувачи кои можат да ви помогнат.

За повеќе информации за простата на други јазици и англиски, проверете ја статијата Prostate health: what every man needs to know (Простата и здравјето: што треба секој маж да знае) што се наоѓа на вебсајтот на Multicultural Communication (видете подолу).

Ако ви треба помош да се јавите на англиски, најпрво јавете се во Службата за преведување (TIS) на 131 450.

Повеќе информации од обласа на здравството на македонски јазик можете да најдете на вебсајтот на Multicultural Communication на http://mhcs.health.nsw.gov.au.

Телефонските броеви се точни во времето на издавање на оваа информација, но не се обновуваат ако дојде до промена. Ќе треба да ги проверите во телефонскиот именик пред да се јавите.